**30 ГОДИНИ СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

*На 18, 19 и 20 октомври 1989 г. Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Кирил и Методиј" од Скопје го прослави својот 30-годишен јубилеј од формирањето. Во рамките на одбележувањето на јубилејот, во три манифестации, беше проследен развојот и перспективите на Стоматолошкиот факултет во Скопје.*

*На свечената седница на Наставно-научниот совет и Собирот на работните луѓе на Факултетот, која се одржа на 18 октомври 1989 г., реферат за формирањето, развојот и перспективите на Факултетот поднесе Деканот на Стоматолошкиот факултет, проф. д-р Ефтим Мирчев. На седницата беа врачени 12 ордени од Претседателството на СФРЈ по повод 30-годишната успешна работа на Факултетот. Орденците ги врачи проф. д-р Радмила Кипријанова, претседател на Комитетот за наука, технолошки развој и информатика на СРМ. Исто така, беа предадени и признанија на Факултетот на вработените, други факултети и институти и работни организации и на студентите по стоматологија кои дипломирале со просечен успех над 9,30. Така, Стоматолошкиот факултет додели 46 плакети, 44 повелби, 32 благодарници и 12 пофалници.*

*На седницата беше промовирана монографијата „30 години Стоматолошки факултет" и Македонската стоматолошка библиографија, а промотори беа проф. д-р Иван Тавчиовски и проф. д-р Димитар Смилев.*

*На 19 октомври 1989 г., во салата на Домот на ЈНА се одржа свечена академија, на која во името на покровителот на прославата поздравен збор одржа проф. д-р Вулнет Старова, потоа, Деканот на Стоматолошкиот факултет во Скопје проф. д-р Ефтим Мирчев, проректорот на Универзитетот „Кирил и Методиј" проф. д-р Вера Стојчевска–Антиќ и претставници од стоматолошките факултети од земјата и Военомедицинската академија од Белград.*

*По повод 30 години од постоењето, а за особени заслуги и успеси постигнати во образованието на стручни и научни кадри, како и за придонес во развојот и унапредувањето на стоматолошката наука и здравствената заштита на населението, Претседателството на СФРЈ го одликува Стоматолошкиот факултет во Скопје со Орден заслуги за народ со сребрени зраци.*

*Во завршниот дел од свеченоста, популарни музички нумери од познати автори на тромбон и клавир исполнија дуетот Кирил Рибарски и Милица Шперовиќ–Рибарски.*

*Во склоп на прославата на јубилејот, на 20 октомври, во амфитеатарот на Стоматолошкиот факултет се одржа научна манифестација „Достигнувањата*

*на македонската стоматологија. Пред аудиториумот што го исполни амфитеатарот до последното место, составен од стоматолози од Републиката и гости од стоматолошките факултети, еминентни претставници на македонската стоматолошка стручна и научна мисла презентираа 11 научни реферати.*

*На тој начин, свечено и работно беше прославен 30-годишниот јубилеј на Стоматолошкиот факултет во Скопје.*

**Декан на Стоматолошкиот факултет**
**Проф. д-р Ефтим Мирчев**